# ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА

## НА ООУ. „МИТЕ БОГОЕВСКИ”

(име на основното училиште)

## Ресен

(место и општина)

За период 2020/2022 година



СОДРЖИНА

ОПШТИ ПОДАТОЦИ

1. **Подрачје : Наставни планови и програми**
   Клучни јаки страни
   Слабости

**2 .Подрачје : Постигнувања на учениците**

Клучни јаки страни
Слабости
3. **Подрачје : Учење и настава**
Клучни јаки страни
Слабости
4. **Подрачје : Подршка на учениците**
Клучни јаки страни
Слабости

5 .**Подрачје : Училишна клима и односи во училиштето**
Клучни јаки страни
Слабости
6. **Подрачје : Ресурси**
Клучни јаки страни
Слабости
7. **Подрачје : Управување,раководоње и креирање политика**
Клучни јаки страни
Слабости
**Препораки -Идни активности**

## ОПШТИ ПОДАТОЦИ

| | |
|---|---|
| **УЧИЛИШТЕ** | **ОУ.МИТЕ БОГОЕВСКИ** |
| **ПЕРИОД НА САМОЕВАЛУАЦИЈАТА** | **2018-2020** |
| **ОСНОВАЧ НА УЧИЛИШТЕТО** | **ОПШТИНА РЕСЕН** |
| **НАСТАВЕН ЈАЗИК** | **МАКЕДОНСКИ-ТУРСКИ** |
| **АДРЕСА** | **Ул. 29ти Ноември бр: 213 - Ресен** |
| **ТЕЛЕФОН** | **047-451-847 ,** |
| **ЕЛЕКТРОНСКА ПОШТА** | **mite_bogoevski@hotmail.com ,** |
| **ВЕБ СТРАНА НА УЧИЛИШТЕТО** | **www.mitebogoevski.edu.mk** |
| **БРОЈ НА УЧЕНИЦИ** | **561** |
| **БРОЈ НА ПОДРАЧНИ УЧИЛИШТА** | **2** |
| **ПРЕТСЕДАТЕЛ НА УЧИЛИШЕН ОДБОР (Име и презиме)** | **Љубица Ѓургевиќ** |
| **ПОТПИС** | |

| ДИРЕКТОР (Име и презиме ) | АЈФЕР АЏИГОРА |
|---|---|
| ПОТПИС | |

**Училишната комисија :**

| |
|---|
| 1.Никола Чоневски -наставник по македонски јазик |
| 2.Весна Рунчевска -психолог |
| 3.Искра Симеоновска-наставник по одд.настава |
| 4.Алтај абдуловски -наставник по македонски јазик |
| 5.Андријана Зебековска-претседател на Совет на родители |

**Работна група за самоевалуација**

**Директор**- Ајфер Аџигора

**Претставник од Училишен одбор- Весна Темелковска**

**Претставник од Совет на родители-**Љубица Ѓургевик

**Стручен соработник-**Николчо Ристевски

**Наставници-**, Енѓул Хајдар, Владо Масалковски .

| Работни тимови по подрачја во рамките на самоевалвација |
|---|

| | |
|---|---|
| **1.Наставни планови и програми** | • **Соња Стрезовска (водич)**<br>• **Силвие Ивановска**<br>• **Гордана Касовска**<br>• **Наташа Гочевска**<br>• **Милица Котларовска**<br>• **Ленче Каранфиловска**<br>• **Марија Андреевска Гошаревска – родител**<br>• **Кирил Китевски - ученик** |
| **2.Постигнување на учениците** | • **Соња Марковска (водич)**<br>• **Јовче Лазаревски**<br>• **Суат Салиевски**<br>• **Ертана Сулооџа**<br>• **Блага Даскаловска**<br>• **Барандовски Борче (родител)**<br>• **Благица Котларовска (ученик)** |
| **3.Учење и настава** | • **Диана Стојановски (водич)**<br>• **Миле Јовановски**<br>• **Ирена Гулевска**<br>• **Ѓултен Максуд**<br>• **Шејла Бајрами**<br>• **Марија Гошаревска**<br>• **Шуминовска Јулијана (родител)**<br>• **Горгиевски Александар (ученик)** |

| | |
|---|---|
| **4.Поддршка на учениците** | • **Снежана Милошевска (водич)**<br>• **Дивница Николовска**<br>• **Ленче Прцуловска**<br>• **Нико Пластиновски**<br>• **Зоран Станојковиќ**<br>• **Христијан Башевски**<br>• **Стрезовска Жане (родител)**<br>• **Христијан Барандовски (ученик)** |
| **5.Училишна клима** | • **Недрет Шахини (водич)**<br>• **Весна Темелковска**<br>• **Весна Кондовска**<br>• **Налан Јусуфи**<br>• **Александар Фузевски**<br>• **Даринка Веслиевска**<br>• **Букурије Ибраимовска (родител)**<br>• **Азра Сулооџа (ученик)** |
| **6.Ресурси** | • **Силвана Трајчевска (водич)**<br>• **Николчо Ристевски**<br>• **Надица Трајчевска**<br>• **Ертан Шабединовски**<br>• **Мери Јанковска**<br>• **Весна Фузевска**<br>• **Александра Бумбаровска (родител)**<br>• **Ајше Шаторовска (ученик)** |

| | |
|---|---|
| **7.Управување и раководење** | • **Бети Косевска (водич)**<br>• **Маре Котларовска**<br>• **Севим Максуд**<br>• **Муамер Ибраимовски**<br>• **Лепа Гештаковска Христовска**<br>• **Елена Рабаџиевска**<br>• **Ајла Агушевска (родител)**<br>• **Мерт Агушевски (ученик)** |

## И З В Е Ш Т А Ј

Тимот за изготвување самоевалуација на работата на ООУ „Мите Богоевски “ Ресен , за периодот од 2020 година до 2022 година, изврши самоевалуација на работата во училиштето. Во текот на работата, тимовите оствարија средби и разговори со сите вработени во училиштето. Се изврши проверка на потребната документација и од неа се користеа повеќе податоци. Исто така беа спроведени анкети со учениците, наставниците, Директорот, стручната служба и родителите. Сите добиени податоци беа анализирани и врз нивна основа се донесе следниот извештај.

За изготвување на Самоевалуацијата беа користени насоките од Законот за основно образование, од Проектот за модернизација на образованието и Индикаторите за квалитетот на работата на училиштето изготвени од МОН и ДПИ.

Целта на Самоевалуацијата е со конкретни анализи и осврти на сите области на работење на училиштето да се добие слика за квалитетот во работењето, напредокот и постигањата на училиштето, јаките но и слаби страни, за кои ќе следат предлог мерки за нивно надминување.

Секако дека воочените слабости ќе ги мотивираат сите учесници во наставниот процес (директни или индиректни) да ги вложат сопствените капацитети и искористат постојните ресурси за подобрување на условите и стандардите во училиштето. На тој начин ќе се придонесе за целосно и квалитетно реализирање на воспитно-образовниот процес.

Самоевалуацијата ги издвојува и приоритетните области на делување за унапредување и осовременување на наставните и воннаставните активности. Заедничка цел на сите субјекти во училиштето е слабите страни да се во се помал број, а јаките да се одржуваат, односно зголемуваат.

Квалитетот на анализираните теми и области се евалуирани на четири нивоа (многу добро, добро, делумно задоволува и не задоволува) според однапред одредените индикатори. Врз основа на дадената оценка се изведени и заклучоците каде се наоѓа нашето училиште, во која насока седвижи и кои се неговите позначајни постигања. Придонес за ваквата донесена оценка имаат сите вработени во училиштето и учениците, како и родителите.

Според целосно извршената самоевалуација, Комисијата ја оцени работата на училиштето со оценка многу добро . Оваа оценка претставува збир на целокупната состојба и работа во училиштето, која е добиена од сите седум подрачја, кои ја опфаќаат самоевалуацијата на училиштето.

Самоевалвацијата беше извршена според индикаторите за квалитетот на работа на училиштата донесени од страна на МОН.

Индикаторите се организирани во седум клучни подрачја кои се однесуваат на главните аспекти од работата на училиштето:

| | |
|---|---|
| **1.** | **Наставни планови и програми;** |
| **2.** | **Постигања на учениците;** |
| **3.** | **Учење и настава;** |
| **4.** | **Поддршка на учениците;** |
| **5.** | **Училишна клима и односи во училиштето;** |
| **6.** | **Ресурси;** |
| **7.** | **Управување, раководење и креирање политика.** |

## 1. Во однос на првото подрачје „НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ“ од извршената евалвација беа издвоени следните јаки и слаби страни:

***Клучни јаки страни***

- Наставните планови и програми се во согласност со донесените програмски документи од Министерс наука и истите се реализираат во пропишаниот обем.
- Училиштето нуди неколку изборни предмети и се применува постапката за избор на наставни предме
- Постојат добри примери на меѓупредметно интегрирање на целите на наставата.
- Голем број од учениците учествуваат во слободните ученички активности и во други воннаставни акт
- Учениците, работат на проекти, учествуваат во различни манифестации и постигнуваат високи успеси различни области што се организираат на локално, државно и меѓународно ниво. Истите добиваат соодв друга поддршка од училиштето.
- Со децата со посебни образовни потреби, вклучени во редовната настава, се работи според приспособ
- Училиштето прибира и разгледува мислења за наставните планови и програми преку формалните орга
- Навремена изработка на годишните глобални планирања и унифициран образец за планирање во оддел настава;
- Наставници имаат слобода при планирање на нивната работа, со можност за флексибилност за целосн поставените цели
- Систематско следење на планирањата од страна на директорот, психологот и педагогот на училиштето
- Училиштето има изградено стратегија за следење на ВОП
- Целосна реализација на слободните ученички активности, додатната и дополнителната настава

**Слабости:**

- Препораката на наставникот е одлучувачка во изборот на воннаставната активност, како и во планира работата.
- Оптовареност на учениците со неделниот фонд часови и со обемните содржини по наставните предм
- Училиштето нема покренато иницијатива за изменување и дополнување на наставните планови и про
- Недоволна примена од страна на некои наставници на посовремени методи и форми во наставата: гру истражувачка настава, практични часови, проблемска настава, настава согласно стиловите на учење на уч



***Идни активности: Приоритетни подрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои м вклучени во планот за развој на училиштето.***

- Вклучување на учениците при изработката на програмите за работа.

- Изработка на дел од планирањата за настава како интегрирани програми од повеќе области/предмети в
- Прилагодување на наставните содржини согласно индивидуалните способности на учениците во насо
растоварување на учениците.
- Покренување иницијатива за изменување и дополнување на наставните планови и програми
- Унапредување на следењето на наставата и учењето во училиштето

## 2. Во однос на второто подрачје „ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ “ од извршената евалвација беа издвоени следните јаки и слаби страни:

**Клучни јаки страни**

**Клучни јаки страни•**

Во текот на целата учебна година нашите ученици со помош на наставниците се вклучени во заеднички проекти, наставни и воннаставни активности (културни и спортски), како индивидуално, така и со соработка со локалната заедница. Преку тие соработки се промовираат и вреднуваат постигањата на учениците.

* Систематски се следи, споредува и анализира состојбата со успехот и постигањата на учениците • Секое тромесечие се прави анализа на успехот и поведението на учениците и се врши споредба со претходното тромесечие или со претходната учебна година.

• Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците од различен пол и етничка припадност •

Учениците имаат можност да членуваат во бројни слободни активности •

Родителите навреме се известуваат за постигањата на учениците

• Училиштето има свои критериуми за оценување на учениците и ги почитува стандардите, пропишани од БРО

• Подобрување на постигањата на учениците преку примена на современи форми и методи во наставата (ИКТ, проекти, презентации, истражувања и сл.)

- Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно се

. применува

• Средбите со родителите добро се организирани, а за постигањата на учениците, родителите добиваат евидентни листови, свидетелства, дипломи.

• Постои ефективна соработка меѓу раководниот кадар, стручната служба, одделенските и предметните наставници и родителите за постигањата на учениците (на родителски или индивидуални средби)

• Учениците кои постигнуваат успех на натпревари се наградуваат со дипломи и пофалници

• Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците од различен пол и етничка припадност

- Статистички резултатите од истите споведени анкети се подобри од претходниот период.
- Квалитетен наставен кадар благодарение на кој учениците покажуваат висок успех.
- Вклучување на наставниците во проекти поврзани со наставата.
- Инволвирање на учениците со посебни потреби во рамките на редовна настава.
- Наставниците се достапни за соработка со родителите .
- Наставниците применуваат современи техники и методи на учење и поучување и ИКТ.
- -Постојан прилив на ученици.
- Опфатот на учениците од реонот.
- Осипувањето на учениците е незначително.
- -Училиштето располага со податоци за успехот на учениците и ги анализира.

**Слабости**

• Јакнење на мотивација за постигнување на успех кај учениците со организирање на дополнителна и додатна настава

• Јакнење на мотивација за постигнување на успех кај учениците со потранспарентно оценување

• Редовно евидентирање на редовноста на учениците со преземање на конкретни активности за нивно намалување

• Донесување на Етички правила за оценување на постигањата на учениците.

- Прифаќање на ученици со ПОП кои не се детектирани со документација за нивната попреченост.

## 3. Во однос на третото подрачје „УЧЕЊЕ И НАСТАВА ” од извршената евалвација беа издвоени следните јаки и слаби страни:

**Клучни јаки страни**

– Следење на наставниот процес од страна на Директорот и стручната служба;
– Почитување на индивидуалните разлики кај учениците;
– Целосна отвореност на училиштето за соработка со родителите;
– Солидни годишни -глобални, тематски планирања и тематско-процесни планирања од сите наставници за својот предмет;
– Поддршка на наставниците од страна на директорот и стручната служба
– Подеднаква полова активност на учениците во наставата;
– Грижа за учениците со посебни потреби;
– Почитување на принципите јавност и континуираност на оценувањето;
– Информирањето на родителите за напредокот на нивните деца е на ниво;
- Училиштето има ВЕБ страница.
- Целосно инволвирање на децата со посебни потреби во текот на наставата
- Давање на можност за истакнување на талентирани и надарени учениците за учество во натпревари и други активности организирани во самото училиште,меѓу училишта,општински, регионални

**Слабости**

- Опременоста со наставни помагала и технички средства делумно задоволува.

**Идни активности:** Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето

- .Училиштето да се опреми со повеќе нагледни средства и техничка опрема.

## 4. Во однос на четвртото подрачје „ ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ “ од извршената евалвација беа издвоени следните јаки и слаби страни:

**Клучни јаки страни**

- Училиштето континуирано го следи успехот, редовноста, поведението на учениците;

- Врши навремено информирање на родителите за промените на успехот на нивните деца:

- Адаптација на училница за ученик со посебни образовни потреби.

- Училиштето редовно соработува со локалните институции и со свои активности во кои се вклучени и наставниците и учениците придонесува во унапредувањето на локалната средина;

- Училиштето соработува со Здравствениот дом и Центарот за социјални работи во добивањето на потребни информации за здравствените и социјалните проблеми на учениците;

- Педагошко-психихолошката служба е секогаш достапна со својата советодавна – консултативна работа до наставниците, учениците и родителите..

**Слабости**

- Потреба од чуварска служба заради 24 часовна организирана безбедност на училишната зграда, а со тоа и на учениците;
- Промена на кров и кровна конструкција на останатиот дел од старата училишна зграда;

- **Идни активности:**

- - Барање за обезбедување на чуварска служба заради 24-часовна организирана безбедност на училишната зграда, а со тоа и на учениците
- - Промена на кров и кровна конструкција на останатиот дел од старата училишна зграда;

## 5. Во однос на петтото подрачје „УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО “ од извршената евалвација беа издвоени следните јаки и слаби страни:

**Клучни јаки страни**

Примерно поведение кај сите ученици
- Училиштето е отворено за соработка со родители, локалната средина, како и со училишта надвор од земјата и сл.
- Освоени голем број на награди (општински, регионални и државни)
- Отворена соработка со медиумите локални и национални ”
- Вклученост во голем број на проекти
- Еднаков третман на сите ученици без разлика на пол, вера и национална припадност
- Вклученост на родителите во животот и работата на училиштето преку Советот на родители И секојдневната соработка индивидуална и групна
- Тимска соработка во самите одделенските стручни активи и самите предметните стручни активи
- Соработка меѓу наставници кои работат иво исти стручни активи
- Работната атмосфера во училиштето
- Вклученост на децата со ПОП - промовирање на идеата образование за сите

**Слабости**

потреба од место за заедничко дружење и комуникација
- комуникација меѓу наставниците од одделенска и предметна настава

**Идни активности:** Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето
1. потреба од место за заедничко дружење и комуникација
2. да се зголеми комуникација меѓу наставниците од одделенска и предметна настава

## 6. Во однос на шестото подрачје “ РЕСУРСИ “од извршената евалвација беа издвоени следните јаки и слаби страни:

**Клучни јаки страни**

- Обезбеден е поголем дел од лектирните изданија за сите одделенија
- Соодветен наставен кадар и стручни соработници кој се одликува со редовност и посветеност кон училишната организација
- Отворена соработка меѓу наставниците, меѓу наставниците и стручната служба и директорот
- Добро спроведено и контролирано финансиско работење
- Спроведени активности и добиени грантови од МИО на наставници, родители и стручни соработници од реализираниот проект за мегуетничка интеграција во образованието
- Се негуват меѓучовечките односи и постои културна кохезија помеѓу различните етнички заедници во училиштето.
- Редовно и плански се врши одржување, санации и подобрувања на условите во училиштето.
- Наставниците и стручните соработници се мотивирани и активно учествуваат во професионалниот развој.
- Тековно одржување и реконструирање на просторите во стариот училишен објект
- Обезбеден е канцелариски инвертар за просториите за наставници
- Обезбедени се нов училишен мебел и инвертар во училниците главно за учениците од прво одделение

**Слабости**

- Потреба од реконструкција на останат дел од кровот на старата училишна зграда;
- Изградба на санитарни простории во старата зграда на ЦОУ;
- Потреба од поврзување на старата и новата зграда со цел зголемување на ефикасното работење на училиштето;
- Потреба од замена на дограмарија прозорци во новиот училишен објект;
- Потреба од дренажа и фасада на старата зграда;
- Изградба на сала за одржување на часови по ФЗО во ПУ с. Јанковец;
- Потреба од сала за изведување на ФЗО во централното училиште.

**Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**

- Реконструкција на дел од кровот на старата училишна зграда во ЦОУ
- Изградба на сала за ФЗО во централното училиште
- Потреба од санитарни јазли во старата зграда во ЦОУ

## 7. Во однос на седмото подрачје „УПРАВУВАЊЕ ,РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКА “ од извршената евалвација беа издвоени следните јаки и слаби страни:

**Клучни јаки страни**

- Доследно спроведување на Законот за основно образование и негова примена во училиштето во сите области и сфери;
- Доследно и навремено се спроведуваат донесените одлуки и решенија;
- Училиштето има добра раководна структура, која може соодветно да одговори на обврските и предизвиците;
- Раководниот тим има јасна визија за управување со конструктивност, правичност при донесување одлуки;
- Вклученост на родителите во воспитно-образовниот процес;
- Обезбеден оптимален и пријатен простор за учење, работа и престој во училиштето;
- Училиштето поттикнува билингвилизам – се става акцент на изучување на два странски јазици (англиски и француски јазик);

**Слабости**

- Распространетост на училиштето ( две згради неповрзани меѓу себе)
- Недостаток на тоалети во старата зграда

**Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**

- 1. Поголемо учество на семинари и обуки на наставниците со цел постигнување повисок степен на стручно усовршување.

## П Р Е П О Р А К И- ИДНИ АКТИВНОСТИ

Од анализата што ја направи комисијата за самоевалвација на ООУ „Мите Богоевски“ – Ресен споредувајќи ги слабите и јаките страни по подрачја, во согласност со индикаторите за квалитет на работа на училиштата, Комисијата за самоевалвација е на став дека работата на училиштето е подобрена од претходната самоевалвација.

За понатамошно подобрување на квалитетот на работата на училиштето Комисијата за самоевалвација до Училишниот Одбор, Директорот и Основачот на училиштето ги предлага следните препораки:

- Вклучување на учениците при изработката на програмите за работа.
- Изработка на дел од планирањата за настава како интегрирани програми од повеќе области/предмети во предметна настава.
- Прилагодување на наставните содржини согласно индивидуалните способности на учениците во насока на делумно растоварување на учениците.
- Покренување иницијатива за изменување и дополнување на наставните планови и програми
- Унапредување на следењето на наставата и учењето во училиштето
-Училиштето да се опреми со повеќе нагледни средства и техничка опрема.
- Барање за обезбедување на чуварска служба заради 24-часовна организирана безбедност на училишната зграда, а со тоа и на учениците

- Промена на кров и кровна конструкција на останатиот дел од старата училишна зграда;

- потреба од место за заедничко дружење и комуникација
-да се зголеми комуникација меѓу наставниците од одделенска и предметна настава
-Реконструкција на дел од кровот на старата училишна зграда во ЦОУ
-Изградба на сала за ФЗО во централното училиште
- Потреба од санитарни јазли во старата зграда во ЦОУ
- Поголемо учество на семинари и обуки на наставниците со цел постигнување повисок степен на стручно усовршување.

Комисијата, Извештајот од извршената самоевалуација на работењето на училиштето ќе го достави до Училишниот одбор, до директорот на училиштето и до основачот.

**Членови на комисија:**

| |
|---|
| **1.Никола Чоневски -наставник по македонски јазик** |
| **2.Весна Рунчевска -психолог** |
| **3.Искра Симеоновска-наставник по одд.настава** |
| **4.Алтај абдуловски -наставник по македонски јазик** |
| **5.Андријана Зебековска-претседател на Совет на родители** |

**Директор :**

**Ајфер Аџигора**

**---------------------**